

СКОМРАХИ '15
SKOMRAHI '15

БИЛТЕН 2
BULLETIN 1

6 - 10 ноември

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

Министерство за култура на Република Македонија

СПФДУ

ПРОФ. АЛЕКСАНДРА ХОНГ , НАТФИЗ СОФИЈА

PROF. AILEKSANDRA HONG, NATFA SOFIA



ПАНТОМИМА



PANTOMIME

Работилницата, одржана од страна на доц. Александра Хонг Азизбаева и нејзините студенти од Софија, ја започнавме со позиционирање на телото во правилна положба. (Ветуваме дека секогаш кога ќе се сетиме на работилницата, ќе се исправиме.) Потоа следуваа две слични вежби низ кои се усовршува концентрацијата, моторичноста, полимодалноста... Можете ли да претпоставите како функционира мозокот кога треба рацете, нозете, очите и главата да се движат неповрзано и независно, како некоја кукла водена истовремено од тројца кукловодачи, а притоа да се кажува текст?! Е па, некои се способни тоа дури и да го изведат: Деница, Ива, Моника, Симона, Јасен и Јацек, дечките кои вчера вечерта нè оставија со отворена уста. И конечно, стигнавме до делот пантомима, воедно и главната тема на истоимената работилница. Треба да научиме да направиме илузија. Започнавме со мртва точка, потоа, задно одење, предно одење, странично одење и сите тие заедно споени. И замислете, полека почнавме да одиме во место, успеавме да скокнеме на платформа која не постои, а всушност да сме на истото место и да го туркаме ѕидот кој го нема. Колку е тоа невистинито, а изгледа сосема реално. За добар завршеток на работилницата, гледавме еден фасцинантен документарец за класа составена од глувонеми студенти, а раководена од истата професорка. Танцуваа како и сите останати, но на музика која не ја слушаат, создавајќи музика со рацете и нозете. Сите тие се изјасниј дека студиите за нив биле и рехабилитација. Дошле со искривени лица на кои се познава инвалидитет, а завршиле потполно вклопени во средината. Докажаа дека совршено ги владеат актерските вештини и дека можат да функционираат во театарот со помош на невербална комуникација. Толку за денес, еден поздрав со „бидете исправени за ваше добро“!

Емилија Спасовска

The workshop was held by the prof. Aleksandra Hong Azizbaeva and her students from Sofija. We started with posting the body in the right position. (We promise ourselves that each time we think of the workshop, we'll straighten the body up.) Then we proceeded with two exercises in similar manner that help us to improve the concentration, motion abilities and multimodality. Can you imagine the way our brain works while the arms, legs, eyes and head are moving unsynchronized and independently?! Can you imagine how it looks like to be a doll guided simultaneously by three different leaders at the same time, plus pronouncing the lines! Well, some people are even capable of doing it: Denica, Iva, Monika, Simona, Jasen and Jacek, the actors from NATFIZ who left us speechless yesterday. Finally, we got to the part with pantomime, the main topic of the workshop. We had to learn how to make an illusion. We started from nothing, then, we were walking backwards, walking forward, doing side walking and all of that merged together. Imagine, we succeeded to walk but not leaving the place, to push the walls and jump on platforms that don't exist. Even if it's not real it looks so realistic. For a perfect end of the workshop, we were watching the fascinating documentary about the class with deaf students, managed by the same professor. They were dancing like everyone else on music they don't listen, creating music with their hands and foots. They felt their studies as rehabilitation, entering into it with distorted faces of handicapped persons end exiting as fully integrated. They proved us they rule the acting skills perfectly and can work in the theater through non-verbal communication.For today that's it, so I am greeting you with "stay straight for your own good!"

Emilija Spasova



ПРОЕКТ „ШАМАР“

Пет филмски академии од Балканот заеднички ќе продуцираат омнибус од пет кратки играни филма, кои ќе се занимаваат со проблемите на младите генерации и неправдите на новото време. Ова на презентација во рамките на Пулскиот филмски фестивал го соопштија претставници на академиите и на факултетите вклучени во проектот, а на работилница во Скопје, во рамките на средбите “Скомрахи”, проектот ги доби своите финални контури. Омнибусот има работен наслов „Шамар“ и зборува за шлаканиците што младите (не) успеваат да му ги удираат на системот за да го разбудат, но и за ударите што ги примаат секојдневно. Сценаријата за петте кратки филмови се веќе напишани, а планирано е да бидат снимени до крајот на јули следната година. Автори се Теа Матановиќ од Хрватска, Јелена Гавриловиќ од Србија, Лејла Муратчауш од БиХ, Милош Борета од Црна Гора и Сашо Кокаланов од Македонија. Проектот го менторираат врвни филмски имиња од блаканските простори - сценаристот и режисер од Загреб Огнен Свиличиќ, сценаристите и професори од Македонија, Србија, БиХ и Црна Гора - Сашко Насев, Срѓан Коњевиќ, Елма Татарагиќ, и Марија Перовиќ.


Five film academies from the Balkan will produce omnibus of five short films, which will deal with the problems of young people and the injustices of the new era. This presentation within the Pula Film Festival was announced by representatives of academies and universities involved in the project and a workshop in Skopje, within the meetings “Skomrahi” project received its final outline. Omnibus has the working title “Shamar”. It is about the slapping that young (not) fail to strike the system to wake up, also about those they receive daily. Scenarios for five short films are already written and planned to be taken by the end of July next year. Authors Tea Matanovic Croatian Jelena Gavrilovic of Serbia, Leila Muratchaush BiH Milos Bore Montenegro and Macedonia Sasho Kokalanov. The project mentor top film names from the Balkans area spaces - writer and director of the Zagreb Fire Svilicic, writers and professors from Macedonia, Serbia, Bosnia and Montenegro - Sasko Nasev Srdjan Koljevic, Elma Tataragic and Marija Perovic.



PROJECT "SHAMAR"

О. На работилницата во Скопје на сценаристите им се приклучија и режисерите и продуцентите, и се договараа буквално сите аспекти на филмовите. Потврден е амбициозниот план омнибусот да доживее промоции на сите најзначајни филмски фестивали на Балканот – освен во Пула, и на „Фест“ во Белград, на Скопскиот и на Сараевскиот филмски фестивал, како и на фестивалот во Херцег Нови. Во проектот, освен академиите, ќе бидат вклучени и приватни продукции, а Академијата за драмски уметности од Загреб како носител на продукцијата на заедничкиот омнибус обезбеди поддршка и од Еуроимаж и од Ерасмус.

Сашо Кокаланов



The workshop, the n writers joined by directors and producers, and agreed virtually all aspects of the films. Verified is an ambitious plan to experience the omnibus promotions all major film festivals in the Balkans - except in Pula, the "Fest" in Belgrade, Skopje and Sarajevo Film Festival, and the festival in Herceg Novi. In the project, except academies will include private productions, and the Academy of Dramatic Arts in Zagreb as the holder of the production of the joint omnibus support from Eurimages and Erasmus.

Sasho Kokalanov

МАЛА РИБА

Е филм кој на еден прозаичен начин ни ја доловува среќата или ,подобро, несреќата на малата Бирја, која навидум среќно го поминува распустот кај своите баба и и дедо, се додека, од нивната кавга, не сфати зошто всушност е таму. И покрај тоа што дознава дека нејзините родители се разведуваат, Бирја се обидува својата тага ја „скрие“ во дружењето со децата крај езерото. Малата и храбра Бирја, ни покажува дека независно од ситуацијата во која сме, секогаш може да го извлечеме најдоброто.

LIFFLE FISH

It is a film that in a prosaic way captures the happiness or better, unhappiness of the little Birja. It seems that she happily spend the summer in the house of her grandparents, until she understand of their argue the reason why she is staying there. But, although she finds out that her parents are going to separate, Birja tries to hide her sadness in playing with the kids at the lake. The little Birja presents us that no matter in what situation we are, always can be better.

НАЗАД

Овој филм ни поставува еден тон прашања ставени во коцка. Што е среќа, кога и она што некогаш си го сметал за највредно си го изгубил? Што потоа? Тоа го согледуваме преку ликот на Даша и нејзината сестра кои ги губат родителите. Овој филм ни говори дека среќата си самиот ти. Она што ни ја носи среќата се миговте, фрагментите, тоновите што си ги носиме со себеси, парчињата сон споени во секојдневието.

BACKWARDS

This film gives us a ton of questions put in a box. What is happiness, if something that you ever considered for the most valuable thing have you lost? What then? That we can see through the character of Dasa and her sister who have lost their parents. This film tells us that happiness is you. What brings us happiness is moments, fragments, tones. Pieces of dream merged into the everyday life.

ОДНОВО

Во животот постои едно едноставно, но многу парадоксално правило дека кога се обидуваме да ги промениме другите околу себе,ништо не се менува,но кога почнуваме да се менуваме себе си,тогаш цел свет околу нас станува поинаков. Матеј ја заборава сопствената среќа, обидувајќи се да му помогне на татка си. На крајот Матеј сфаќа дека мора да го смести татко си во болница, но продолжува да „глуми“ во неговиот „криминалистички филм“. Ова извонредно филмско дело ни дава лик кој ја претставува величината на самиот човек, вистинската и единствена, искрена љубов.

Мона Паскалова

ANEW

In life, there is one simple, but very paradoxical rule that, when we try to change others around us, nothing will be changed, but when we begin to change ourselves, then the world around us becomes different. Matej forgets about his happiness, trying to help his father. At the end Matej realizes that he must put his father in a hospital, but still he continues to act in his father's „criminal film“. This film gives us a character who presents the greatness of the human, the only and real, true love.

Mona Paskalova



КОГА ОВЦИТЕ БИ БИЛЕ РОЗЕВИ

Во едно напуштено село со малку луѓе живее и малиот осамен Марко, единственото дете во селото. Тој ја живее својата секојдневна рутина, зададена од наставникот и родителите. Сè се менува кога еден ден ќе се појават малите Лачо, Бибер, невидливиот Дучо и Шотка. Тие веруваат дека секој има право да остане дете или да порасне и дека возрасните ги малтретираат децата. По една извонредна адвентура со нив Марко решава да го напушти селото и да тргне на пат со „номадите деца“, но, за жал, не стига точно на време. На крајот му се раѓа и брат, а име го сугерира неговиот пријател Лачо. Филм во кој малите актери одлично го будат детето на секој кој, за жал, одлучил да стане возрасен.

If the sheep were pink

Abandoned village of a few people there is a lonely kid Marko, the only kid in the village. He lives his everyday routine, set by his teacher and his parents. Everything changes when Lacho, Biber, invisible Ducho and Shotka one day appear. They believe that everyone has the right to chose to remain kid or to grow up and that the grown ups harass kids. After one great adventure with the kids Marko decides to leave the village and go with “nomad kids”, but, unfortunately, he can’t arrive at the right time. At the end his brother is born and he suggests to call him Lacho after his friend. Film in which little actors greatly awake the kid in everyone who sadly decided to grow up.

ИМА СЕ ПОВЕЌЕ НЕШТА ШТО ДОАЃААТ

„Сите среќни фамилии се слични,секоја несреќна фамилија на свој начин“ – Толстој. Филмот одлично ја отсликува духовната состојба на една фамилија која поминува низ тешки периоди на материјална криза.

WITH MANY THINGS TO COME

”All happy families are alike, each unhappy family is unhappy in its own way.” – Tolstoy. The film successfully captures the spiritual state of one family going through hard period of material crisis.



ДЕВЕТ ДЕНА

Внукот има задача неколку дена да ја чува својата баба, која живее сама во еден мал, неуреден стан. Бабата се буди, јаде, гледа телевизија без да прозбори ниеден збор со внукот, секој ден го поминува исто. Последниот ден внукот ѝ приредува изненадување на баба си, која е подготвена да оди во старачки дом - ја води да се капат на езеро каде што тие се забавуваат. Филмот за внукот и бабата не потсетува да им обрнуваме внимание на постарите луѓе кои постојано ги забораваме.

NINE DAYS

The nephew has a task to babysit his grandmother. She lives alone in one small, messy apartment. The granny wakes up, eats, watches TV without saying any word to her nephew, same thing every day. The last day the nephew decides to surprise his granny ready to go to a nursing home by taking her to the lake instead where they have a lot of fun. The film about the nephew and his granny remind us to give attention to the older people whom we



АКО ИМАВ ОПЦИЈА НЕМАШЕ НИКОГАШ ДА ЗАМИНАМ

Филм за судбината на двајца емигранти кои патуваат низ границата на Србија. За време на престојот во овој дел од светот тие оставаат записи на карпи и ѕидови. На самиот крај физички исчезнуваат со тажна музика што ја симболизира нивната отфрленост од општеството. Но нивните записи трајно ќе останат да сведочат за нивното духовно постоење.

IF I HAD A CHOICE I WOULD NEVER LEAVEAE

Film about the destiny of two emigrants who travel through Serbian border. In the time of their stay on this part of the world they leave records to rocks and walls. At the end of the movie they disappear physically in sad music that symbolizes their rejection from the society. But their records will last permanently to witness their spiritual existence





БРИЧ

Моќна приказна за можноста на еден бербер да му се одмазди на директорот кој го отпуштил татко му, а кого судбината му го доведува „ под брич“. Напнатоста во филмот е одлично водена и градена, сè до самиот крај на бричењето, кога берберот Владо сепак одлучува да не ја искористи можноста да му го пресече вратот на „муштеријата“ што му го уништил животот на неговиот татко. Филмот има јасна порака дека „одрекнувањето од одмаздата е вистинската одмазда.“

RAZOR

Powerful story for the chance of one barber to revenge the director that fired his father, whom the destiny brings “Under the Razor”. The suspense in the movie is guided and built, till the end of the shaving, when the barber Vlado nevertheless chooses not to take advantage of the chance to cut the throat of the “guest” who destroyed the life of his father. The movie has clear message “ not revenging is the real revenge”.



ЛЕТНА ШКОЛА

Љубовна приказна во која Асја, поради лошата оценка по физика, е казнета да не оди со родителите на море. Пријателот Стефан è предлага да се запишат во школо за јавање, каде работи неговата симпатија – инструкторката по јавање. Во школото за јавање Асја се вљубува во инструкторот Милош и со него поминува една романтична ноќ. Но, по некој ден таа открива дека Милош е во врска со инструкторката. Асја страда, но, сепак, се помирува со судбината и се откажува од идејата да му ја уништи врската на Милош.

Артин Селмани

SUMMER SCHOOL

The love story in which Asja, because of her bad grade in physics, is punished not to go with her parents on a vacation. Her friend Stefan suggests her to go to a riding school, where his crush works –riding coach. In the school of riding Asja falls in love with the instructor Milosh and spends a romantic night. But, after some time she finds out that Milosh is in a relationship with the girl instructor. Asja is suffering, but however she accepts her destiny and gives up on the idea to destroy Milosh’s relationship.

Artin Selmani

ХАСАНАГИЦА

АСУ САРАЕВО

Претставата „Хасанагица“ е работена според тажачката за жената на Хасан Ага, српска народна балада за муслиманското семејство Араповиќ од Далмација. Поради едноставноста и концизноста на самата балада, актерите не бегаа од текстот. Претставата отвора многу прашања и самата по себе бара внимателно набљудување на секој детал. Видливо ни се претставени тогашните околности и обичаи, како и психологијата на мажите и жените во патријахалното општество. Според патријахалниот морал жената е прикована за куќата и е децата, таа останува робинка која знае само за својот маж, децата и правилата на семејниот живот. Хасанагица е доследна во почитувањето на правилата и ниту во еден момент не помислува да ги прекрши. Додека, кај мажот е сосема спротивното. Хасанага како маж е слободен да го истражува светот. Поради тоа тој е, наводно, либерален и ослободен од патријахална стега и грубите норми, па од жена си очекува да ги прекрши правилата. Строгите верувања и норми не ù дозволуваат на Хасанагица да ја исполни желбата на својот маж, па Хасанага бесен одлучува да ја избрка од својата куќа и да ја раздели од нејзините деца. Тука гледаме како проработува онаа машка суета, потребата за надмоќ и правото за управување на животот на жената и господарење со нејзината судбина. Претставата завршува со смртта на Хасанагица, која умира од тага по својот маж и деца. Актерската игра на колегите од Сараево успешно ни го долови духот на времето веќе далечно за нас. Калија Киселички



HASANAGICA

ASU SARAJEVO

The play “Hasanagica” is based on the mourning song of the noble wife of the Hasan Aga which is a Serbian ballad about the Muslim family from Dalmatia. Due to the simplicity and due to how concise is the ballad itself the actors did not need to trait from the verses. The play posses many questions and demand for every detail to be carefully analyzed. In this play we can clearly see the surroundings and the tradition of that time as well as the psychology of the man and women within a patriarchal society. According to the patriarchal morality that the women Is chained to her house and children, she remains a slave who is only aware of her husband, her children and the rules of family life. Hasanagica is consistent in following the rules and does not consider breaking them. Is completely opposite for her husband. As a man, Hasanaga is free to explore the world. Because of this he is reportedly liberal and free from the patriarchal chains and the harsh norms. Hence he expects his wife to break the rules. The strict believes and norms do not allow for Hasanagica to fulfill her husband wishes which makes Hasanaga angry. He decides to throw her out from home and separates from her children. Here we see the male arrogance coming to place manifested as the need for power, the right to control the life of his wife and the right to be the master of her destiny. The play ends with the death of Hasanagica who dies due to the sadness for her husband and her children. The acting demonstrated from our colleagues from Sarajevo successfully captured the spirit of a time far away from ours. Kalija Kiselicki

ПРОМОЦИЈА НА СПИСАНИЕТО

Интервју со проф. д-р Ана Стојаноска - уредник на Ars Academica од ФДУ-Скопје

Водени од идејата научно да се елаборира проблематиката на македонските изведбени потенцијали во корелација со актуелни светски тенденции, Факултетот за музичка уметност и Факултетот за драмски уметности од Скопје го создадоа висококвалитетното научно списание "Ars Academica". На промоцијата на третиот број на списанието, во рамките на овогодинешните „Скомрахи", проф. д-р Небојша Вилиќ посочи на недостатокот од ваков тип на пишани (hard copy) изданија, наспроти поплавата од електронските записи кои се појавуваат и исчезнуваат во виртуелниот свет и не остануваат како историски документи.



Дали досега постоел простор каде наставниот кадар од Факултетот за драмски уметности и акултетот за музичка уметност имале можност да објавуваат научни трудови од областа на театарската и музичката перформативна уметност?

Простор постоел и постои, во изданијата на културолошките списанија или пак на потесно-обласните списанија. Меѓутоа, недостигаше еден сериозен увид во тоа како и на кој начин образовниот кадар од нашите две институции ги спроведува теоријата и практиката што ги застапува. Од она што мене ми е познато, ова е прв обид заеднички да се објави списание од ваков калибар. Поточно, Факултетот за драмски уметности и Факултетот за музичка уметност, заеднички објавуваат списание од поширокаата област на наш интерес. Идејата е на едно место да се презентираат актуелните истражувања поврзани со современите перформативни уметности и актуелната едукативна практика. Списанието е наменето за студентите, професорите, уметничкиот и научниот кадар на нашите факултети, како и на секој оној што го интересира едукацијата и перформативните уметности. Свесни сме дека станува збор за стручно списание со ограничена целна група, но тоа нѐ мотивира повеќе да создаваме нови броеви и да ги пласираме истите на денешната публика. Сметам дека еден од водечките потенцијали на ова списание е да биде платформа за афирмација на нашите студентите.

Како влијае меѓународната уредувачка политика на списанието?

Списанието има меѓународен управувачки одбор кој е составен од колеги од сродни институции од повеќе респектабилни универзитети од Европа и САД. Меѓународните уредници се застапени со свои трудови во списанието, со цел да се компарира нашата и нивната работа. Од друга страна пак, уредувачката политика се дефинира откако домашните уредници ќе го договорат предметот и тематите на интерес на бројот, па потоа заедно со меѓународните уредници се селектираат трудовите и се конципира бројот. Идејата на иницијаторите (јас како претставник на Факултетот за драмски уметности – Скопје и проф.д-р Соња Здравкова – Цепароска од Факултетот за музичка уметност - Скопје) беше да се креира списание со респектабилна содржина кое, благодарение на искуството на меѓународниот одбор, ќе може да се подготвува за посериозни исчекори кон создавање простор што ќе биде на исто рамниште со повеќето доминантни вака стручно-научни списанија од светот. Секој број на списанието, ова е трет по ред, има свои теми на проучување.



Во првиот број се концентриравме на едукацијата од областите на перформативните уметности. Во вториот, на современоста и уметноста, а третиот е малку поширок и се однесува на едукацијата во компарација со светските стандарди.

Како списанието Ars Academica ги обединува различните естетички и етички погледи на перфомативните уметности?

Како што тоа го напомена главниот уредник на овој број, професорката Џепаровска, сите наши области на интерес ги поврзуваат перформативните уметности. Поточно, „една реплика, една арија, еден низ танцови движења не треба да замрат со завршувањето на нивната изведба, напротив, треба актуелно да продолжат да живеат преку дискусиите, анализите, толкувањата, различните ставови што е, имено, тенденција на ова списание“. (од воведниот текст на третиот број на списанието)



Марина Трајковска

СЕГА КОГА СУМ ДОМА

Филм за еден стар панкер кој по долго време се враќа дома и се обидува повторно да и се приближи на својата ќерка која веќе одамна живее свој сопствен живот. Ова е приказна за простувањето и пропуштените животни шанси.

NOW THAT I AM HOME

Is a film about an old punk who finally decided to return home – just as his daughter has managed to live her own life without a father. This is a story about forgiveness and missed life chances."

ПЕТР ХОЈДА - ЛЕТОПИС

Филмот "Petr Hojda – Letopis" е портрет на познат чешки фотограф и камерман чие портфолио се состои од познати филмови од многу познати режисери, реализации на успешни реклами, видео клипови, спотови и изложби на фотографии. Овој документарен филм е создаден од страна на неговата ќерка Јана Хојдова. И покрај кратката минутажа, преку движечки слики и прекрасен пристап ни е доловен огромен дел од животот на Петер Хојда.

PETR HOJDA - LETOPIS

The film "Petr Hojda – Letopis" is a portrait of a famous photographer and cameraman. His portfolio consists of feature films by respected directors, realization of successful commercials, video clips, spots, and photo exhibitions. This documentary film is made by his daughter Jana Hojdova. Despite the short duration, through moving pictures and a beautiful approach this movie captured a huge part of the life of Petr Hojda.

Antenatalis

Надреалистичен филм за патот на човекот од раѓањето како биолошка единка, преку откривањето на светот и трансформацијата на телото во свесно суштество, па сé до неговото „умирање" во општествените улоги и продолжувањето на биолошкиот круг.

Калија Киселички

Antenatalis

A surrealistic film about the path of the man from the birth of one biological entity, through the discovery of the world and the transformation of the body into a conscious being, until his "dying" in social roles and the continuation of the biological cycle.

Kalija Kiselichki









ПРЕД ИЗВЕСНО ВРЕМЕ

Ќе остане ли тагата во нас, ќе остане ли долго? Филмот на Стела Пелин плови низ душевната состојба на една девојка, угушена од тагата по својата изгубена љубов. Овој филм допира до сите нас кои веруваме во љубов, веруваме во она што се вика вистинска среќа, единствена среќа. Патува таа, патуваме и ние. Се движиме и, на крајот, застануваме пак на истото... Кај е ми е љубовта?

WHILE AGO

Will the sadness stay in me; will it stay for a long time? Stela Pelin's film floats through the mental condition muted by the fantasies of a girl who is grieving for her lost love. This film touches all of us who believe in love, believe in we call real happiness. She keeps traveling, we are traveling along with her. We are traveling and at the end we stop at the same point... Where is my love?



РАМНОТЕЖА

Откако Дарија ќе даде отказ на работа, во нејзиниот живот не се случува ништо особено. Изгубена на пола пат, сред раскрцница, се обидува да се пронајде самата себеси, да ја удави депресијата во дрога и алкохол, но сепак не успева. Филмот завршува со истата Дарја, се уште во непроменета состојба.

Мона Паскалова

EQUILIBRIUM

After Daria quits her job, nothing special happens in her life. She is lost on a halfway, in the middle of a crossroad, she is trying to find herself, to drown her depression into drugs and alcohol, but still she doesn't manage it. The film ends with the same Daria, in the same situation as in the beginning.

Mona Paskalova

НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ

Факултет за драмски уметности - Цетиње
FDA - CETINJE



На англиските кладилници им се случува „дупло дно" (доколку насловот се сфати буквално), затоа што, покрај редовната претстава во МНТ – „Не се клади на Енглези", на Скомрахи ни гостуваше и една црногорска верзија, работена по истиот текст од српскиот автор Владимир Ѓурѓевиќ, кој постигнува огромен успех и популарност на овие простори, и чудно е како до сега не го забраниле! И покрај тоа што актерите беа студенти, тоа не можеше да се забележи - одиграа професионално. Не можеше да се забележи ни тоа дека се од Црна Гора - воопшто не беа „мрзливи" на сцена (можеби полетот на нашата Академска сцена ги понесе...), туку напротив, живи, активни, внесени во приказната, но и сконцентрирани да ја слушаат публиката која постојано ги прекинуваше со своето смеење. Можеби гледачите не можеа да препознаат дилеми како на Хамлет, измами како на Тартиф, донкихотовска борба или некоја трагична вина на лик, но затоа, пак, успеаа да се препознаат себеси и своето опкружување, а тоа е често полн погодок. Секојдневни ликови, настани, проблеми, а сепак, сето тоа на многу невообичеан начин полн со (намерни) случајности, ја направи претставата едноставна (но не и проста) по форма, а сложена (но не тешко разбирлива) во суштина. Гледавме претстава која говори за, навидум, големиот порок на денешницата - кладилницата, но во неговата позадина е пријателството на „тројцата мускетари", кое е поголемо од се и е над се.

Горјан Аревски

DON'T BET ON ENGLISHMEN

